

# Да читаме заедно!

**Времетраење:** 20 + 20 минути
**Возрасна група:** Деца на предучилишна возраст и ученици од I-III одделение во основните училишта
**Потребни материјали:** Книга за читање на глас, листови хартија, пенкала/боички

## Активност:

Во текот на денот кога децата ќе бидат мирни, соберете ги на едно место и прочитајте им магична или смешна приказна. Изберете книга што ќе ја разбуди нивната фантазија! Кога ќе завршите со читањето, поканете ги младите читатели да го нацртаат својот омилен лик или пак со помош на цртежи да го раскажат остатокот од приказната што ја слушнале. Што се случило потоа? Кој им се придружил на ликовите од приказната? Дозволете им да ја пуштат својата фантазија на слобода! Закачете ги нацртаните цртежи на ѕид за да создадете мала уметничка галерија.

## Работилница за неверојатни приказни - инспирирана од личноста на Џани Родари

**Времетраење:** 30 минути
**Возрасна група:** Деца на предучилишна возраст и ученици од I-III одделение во основните училишта
**Потребни материјали:** Популарна бајка (на пр., Црвенкапа), листови хартија, пенкала/боички

## Активност:

Започнете со читање класична бајка - но додадете свој пресврт! Променете ги имињата на ликовите, нивната облека или задачата што ја преземаат. На пример:
„Пред многу, многу години си беше едно девојче **Зеленкапа.** Еден ден, нејзината мајка ја испрати кај дедо и со **фудбалска топка...**“
Колку е почудно, толку поинтересно! Смејте се заедно со децата, а потоа поканете ги да смислат своја извртена верзија на приказната. Можат да ја одглумат, да ја нацртаат или едноставно да ги споделат своите идеи со другите.

**Дополнителна активност:**
Искористете ја оваа активност како можност да разговарате за вашите народни приказни или за вашите домашни автори.

## STEAM вештини: Читање и акција!

**Времетраење:** 45 минути
**Возрасна група:** Деца на предучилишна возраст и ученици од I-III одделение во основните училишта
Потребни материјали: Енциклопедија или книга за популарна наука за деца, хартија, моливи

### Активност:

Изберете тема поврзана со светот околу нас - растенија, животни, време, пронајдоци, музички инструменти... Изберете енциклопедија или книга за популарна наука за деца што ја објаснува избраната тема на едноставен и привлечен начин (доколку е потребно, побарајте помош од библиотеката во вашето училиште или во вашето место!).

Прочитајте краток извадок за да ги запознаете децата со избраната тема. Потоа разговарајте со нив за тоа што веќе знаат на таа тема. За што прашуваат? На каков начин таа тема се појавува во нивниот секојдневен живот?

Време е да им се даде место на детските фантазии! Предложете им на децата да измислат фантастична приказна поврзана со избраната тема - можеби приказна за птица што гради роботи или растение што пее приспивни песнички. Можат да ја раскажат приказната преку цртежи, играње на улоги или да им ја опишат на другите деца.

**Дополнителни, вонпаставни активности:**
Поттикнете ги децата да ја набљудуваат **избраната тема во ситуации од секојдневниот живот** – дома, на улица, во парк, за време на прошетка. Какви примери нашле?

Предложете им на децата да ги **поканат своите родители или старатели** да им помогнат да откријат нови факти – преку заедничко читање, проверување на клучни зборови или разговарање за она што веќе го знаат. Децата можат да ги споделат своите набљудувања со своите другарчиња за време на кратки дискусии, да ги презентираат во игри на улоги или да ги објават своите наоди на училишната табла приготвена за откритијата од областа STEAM (наука, технологија, инженерство, уметност и математика)!

## Штафета на читање

**Времетраење**: 20–45 минути (или повеќе, во зависност од големината на групата)
**Возрасна група:** Ученици од основно училиште
**Потребни материјали:** Книга која што ја избрале учениците за читање на глас

**Активност:**
Изберете книга која ќе и се допадне на целата група. Потоа, започнете ја штафетата на читањето: еден ученик/ученичка чита еден дел од книгата на глас, потоа друг ученик чита следен дел од книгата на глас и така натаму. Можете да се придружите на штафетата заедно со другите наставници или персоналот!

**Друга верзија:**
Вклучете ја целата училишна заедница во предавање на штафетата! Изберете книга од некој домашен автор која „ќе патува" од една училница до друга училница за време на одбележувањето на Денот Read.ForReal Читај.Вистински: секоја група чита извадок од книгата (или целата книга во случај кога станува збор за пократки книги) и потоа ја предава понатаму.

## Поканете автор!
**Времетраење:** 60 минути
**Возрасна група:** Ученици од основно/средно училиште

**Активност:**
Средба со вашиот омилен автор/авторка може да биде незаборавно искуство за децата. За да организирате средба:

- Контактирајте го авторот/авторката однапред и поканете го/ја на средба во училиштето во рамките на Read.ForReal Читај.Вистински.
- Пред средбата, прочитајте ја книгата на авторот/авторката со вашите ученици и дискутирајте за неа за време на часот - ако книгата е илустрирана, не заборавајте ги сликите!
- Побарајте од учениците да подготват список со прашања.
- На денот на настанот, дозволете им на учениците да ја преземат водечката улога: нека го претстават авторот/авторката и неговата/нејзината работа, нека поставуваат прашања и нека го надгледуваат текот на настанот!

## Онлајн средба со автор, илустратор и преведувач!
**Времетраење:** 40 минути
**Возрасна група:** Ученици од основно /средно училиште

**Активност:**
На децата и младите луѓе им се допаѓаат средби со креативни луѓе. Сакате да ја истакнете важната улога на писателите, илустраторите и преведувачите во процесот на создавање на книги, но немате можност да организирате средба? Тоа не би требало да е проблем!
Еве неколку алтернативни решенија:

- Размислете кого сакате да поканите – домашен автор или автор од друга земја.
- Контактирајте го авторот или издавачот за да закажете соодветен термин и време за онлајн средба.

- Подгответе ги учениците за средбата:
  - Дознајте кои книги вашиот гостин ги напишал, илустрирал или превел.
  - Прочитајте ги овие книги заедно со учениците и дискутирајте за нивните впечатоци.
  - Обрнете внимание на илустрациите (доколку книгата ги содржи).
  - Охрабрете ги учениците да создадат список со прашања за гостинот.
- Кога ќе започне средбата, не заборавајте да ја модерирате на таков начин за да можат учениците лесно и со задоволство да ја следат. Не заборавајте да му ги поставите на гостинот прашањата што ги подготвиле учениците.

**За помладите ученици:**
Кога разговорот ќе заврши, предложете им на децата да создадат цртеж како спомен од таа средба. Тоа може да биде портрет на гостинот или нешто што ги заинспирирало од книгата, од нејзините илустрации или преводот.

## Промовирајте ја вашата книга:
## Имате една и пол минута да бидете славни!

**Форма:** Настап во живо или снимен настап
**Возрасна група:** Ученици од основно училиште и постари

**Активност:**
Дали 90 секунди се доволни за да ги натерате другите луѓе да читаат? Секако! Овој предизвик е креативен начин за вежбање на вештините кои се однесуваат на сумирање на заплетот на книгата, на јавно говорење и вештините за критичко размислување. Еве еден краток водич за учениците:

**Чекор 1: Планирање**
Замислете дека имате единствена можност да му препорачате книга на некого што ќе му го промени животот!
Создадете едноставен план:
- За што се работи во книгата?
- Кои се главните ликови?
- Кои теми ги опфаќа?
- Што се издвојува во книгата?
- Зошто другите треба да ја читаат?

*Учениците можат да напишат кратко упатство или да вежбаат слободна форма на говорење – охрабрете ги да ги пробаат и двете форми!*

**Чекор 2: Претставување**
- Поставете тајмер и вежбајте како да сте во вистинско студио за снимање – можете да направите неколку снимки.
- Зборувајте со посветеност и енергија – не откривајте премногу, но бидете убедливи!

- Не заборавајте да го кажете насловот и авторот на книгата. Ако го снимате вашиот настап, не заборавајте да ја покажете корицата.
- Охрабрете ги учениците да бидат оригинални – најдобро е да избегнувате сеопфатни фрази како „ова е навистина добра книга“. Изразете ги вашите мислења со посветеност, решителност и емоции.

*Претворете ја оваа активност во натпревар во целото одделение или креирајте канал за вашето училиште на БукТуб/БукТок (Booktube/BookTok)!*